**РЕФЕРАТ**
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА
ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС-МЕНАЏМЕНТ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ:
ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО
НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ,
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, објавен во весниците ,,Нова Македонија" и ,,Коха" од 25.08.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис-менаџмент, по предметите: Основи на менаџмент и Претприемништво, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.            , донесена на 28.09.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Кирил Постолов, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Леонид Наков, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област бизнис менаџмент, по предметите: Основи на менаџмент и Претприемништво, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Стојан Дебарлиев.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр. проф. д-р Стојан Дебарлиев е роден на 6.12.1979 година во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 1998. Со високо образование се стекнал на Економскиот факултет во Скопје во 2002 година. Дипломирал на 7.11.2002 година, со просечен успех 9,00. Во учебната 2004/2005 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Економскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2007 година, со просечен успех 9,77. На 3.10.2007 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Методите за планирање - основа за ефективно планирање". Докторска дисертација пријавил во 2008 година на Економскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: ,,Методите и техниките за стратегиско планирање и ефективноста во работењето во претпријатијата" ја одбранил на 20.1.2011 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки. На 29.4.2011 година е избран во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје во областа бизнис менаџмент, по предметот деловно планирање, а на 26.02.2016 година е избран во звањето вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје во областа бизнис менаџмент, по предметот деловно планирање.

Д-р Стојан Дебарлиев е вработен на Економски факултет – Скопје од 2005 година. Претходно се стекнал со практично работно искуство во бизнис секторот